Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 42/16 и 99/18),и (Сл.весник на РСМ бр.89/22,171/22,3/25 и 124/25) Општина Кратово, на ден 15.09.2026 година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ План за управување со споменикот на природата „Куклица", кој го донесува општина Кратово, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, во согласност со член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи, засегнати од имплементација на планскиот документ План за управување со споменикот на природата „Куклица", се определуваат следните:

- Министерство за животна средина и просторно планирање;
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Министерство за транспорт и врски;
- Министерство за економија;
- Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство;
- Центар за развој на североисточен плански регион;
- Општина Кратово;
- Центар за управување со кризи;
- Дирекција за заштита и спасување;
- Агенција за електронски комуникации (АЕК);
- ЕВН Македонија;
- Електрани на Македонија;
- ЈП Национални шуми, подружница: "Кратово"-Кратово;
- ЈП Хидросистем Злетовица;
- Мобилни оператори;
- Сместувачки капацитети: одморалишта, хотели, приватни викенд-куќи и објекти за сместување и др.;
- Ловните друштва;
- Производувачи и преработувачи и откупни центри;
- Невладини Организации од вклучените општини;
- Комунални претпријатија од вклучените општини;
- Месни заедници во границите на подрачјето;
- Центар за јавно здравје Кратово;
- Противпожарни единици од вклучените општини;
- Шумска полиција - од вклучените општини;
- Јавно претпријатие за државни патишта и др.

3. За планскиот документ План за управување со споменикот на природата „Куклица", за чија изработка е одговорен: Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, а го донесува општина Кратово, донесувањето на планскиот документ План за управување со споменикот на природата „Куклица", ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијанија врз биолошката разновидност и природното наследство, културно наследство, социоекономски развој и здравје на населението, влијание врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијанија од бучава, влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух, управување со отпад и влијание од несреќи и хаварии итн.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страниците на Општина Кратово, на адреса: https://opstinakratovo.gov.mk/.

6.Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка во работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 08-1201/1 од 15-09-26 год.
Место: Кратово

Општина Кратово
Градоначалник
Тодорче Николовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРАТОВО
КРАТОВО
1